# Влијанието на КОВИД – 19 врз животната средина

Ако некој почувствува нешто позитивно од карантинот и од пандемијата предизвикана од коронавирусот, тоа е животната средина. Загадувањето на воздухот драстично опадна поради намалените индустриски капацитети и намалениот земјен и воздушен сообраќај. Природата за кратко почна да се враќа во нормала поради ограниченото движење на целата земјина топка. Таа ситуација траеше сосема кратко. Со попуштањето на мерките и со ослободувањето на движењето, екологистите апелираа за новиот тип загадување кое е предизвикано од маските и ракавиците за еднократна употреба. Тие станаа новата пластика во океаните. Проблемот е детектиран, но системско решение за жал сеуште нема.



*Сл 1. Загадување од заштитни маски и ракавици во Средоземно море (преземено од [https://newseu.cgtn.com/](https://newseu.cgtn.com/))*

Еднократните маски и ракавици претставуваат сериозна закана по здравјето на граѓаните доколку не се одлагаат соодветно. Честопати сме сведоци за расфрлените маски и ракавици на улиците, на зелените површини, дури и на планинарските патеки. Искористените маски и ракавици се потенцијално заразни, знаејќи го фактот дека има многу голем број асимптоматски случаи. Веројатноста дека маските и ракавиците се контаминирани е поголема кај заразените кои се на домашна нега, нивните фамилии, тие во самоизолација или карантин итн. Тие претставуваат закана по здравјето, пред сè на комуналните работници, кои се во првите борбени редови при одлагање на отпадот од градските контејнери. Понатаму, неформалните собирачи на отпад претставуваат голема опасност од понатамошно ширење на вирусот, бидејќи сведоци сме на случаи за ре-употреба на веќе искористената заштитна опрема.



*Сл 2. Загадување од заштитни маски и ракавици на јавни површини (автор: LiLynn Wan)*

### Акција за намалување на ширењето на коронавирусот и намалување на загадувањето од КОВИД – 19 отпадот

Центарот за еколошка демократија Флорозон ја пласираше идејата за поставување на овие корпи уште при прогласувањето на пандемијата и благодарение на финансиската подршка од Влада на РС Македонија преку Програмата за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации за мерки за справување со COVID – 19 кризата, започнавме со имплементација на проектот „Биди одговорен за себе и нашата животна средина и во услови на пандемија“

Целта на проектот е да се придонесе во борбата против ширењето на коронавирусот преку соодветно одлагање на тн. КОВИД - 19 отпад и ублажувањето на последиците од пандемијата врз граѓаните, со посебен акцент на најранливите општествени групи.

Со одлуката од Владата на Република Северна Македонија, донесена на 45 - тата седница, стапена на сила од 23.04.2010, сите сите граѓани мора да носат лична заштитна опрема за носот и устата

која може да биде: респираторна маска, хируршка маска за една употреба, текстилна памучна маска, марама, шал, бандана и слично. Кога влегуваме во маркетите, задолжително мора да носиме маски. Ракавиците иако не се задолжителни, голем број граѓани ги користат при пазарење, бидејќи потрошувачите не ретко ги допираат изложените производи. Поради недостаток од корпи за овој тип отпад, потрошувачите многу често ги оставаат искористените маски и ракавици во корпите и количките за пазарење што претставува потенцијален ризик пред сè по здравјето на вработените, но и за останатите потрошувачи. Некои од маркетите велат дека секоја корпа ја дезинфицираат по неколку употреби, но ова решение не е одржливо на долгорочен план и практично тешко изводливо. Поради тоа, решивме да стартуваме со поставување корпи пред маркетите и да вршиме мониторинг во следниот период со цел да утврдиме дали и во колкава мера граѓаните ги користат истите, за да предложиме поставување на корпи од овој тип и во трговските центри, јавните институции, парковите и тн., односно секаде каде што има зголемена фреквенција на движење.

Во рамки на проектот ЦЕД Флорозон набави 75 корпи наменети за отпадот од еднократните маски и ракавици, со цел да се врши примарна селекција на овој отпад во насока на заштита на комуналните работници и на сите граѓани кои на некој начин доаѓаат во контакт со искористената заштитна опрема.



*Сл 3. Корпа за отпад од заштитни маски и ракавици поставена во трговски центар Зебра - Капиштец*

Со оглед на потребата од поставување корпи од овој тип пред маркетите, склучени се договори со следните ланци маркети: ТИНЕКС, КИПЕР, ЕЛИДА и АТВА. Корпите се поставени во неколку градови: Скопје, Тетово, Куманово, Кичево, Охрид и Струга, пред влезовите/излезите од наведените ланци маркети. На сите локации се поставени информативни постери за правилно одлагање на еднократните маски и ракавици, како и информативни летоци со истата порака.

Вработените од маркетите се обучени како да го одлагаат отпадот од корпите во градските контејнери, а понатаму јавните комунални претпријатија ја превземаат одговорноста.

За таа цел, спроведени се низа состаноци со комуналните претпријатија од повеќе градови. Потпишани се и меморандуми за соработка со ЈП Комунална хигиена Скопје и Тинекс маркетите на првата промоција на корпите, која се одржа пред влезот на Тинекс во трговскиот центар Зебра. Настанот беше медиумски посетен, а повеќе детали на следните линкови:

https://mia.mk/speci-alizirani-korpi-za-otpad-od-zashtitna-oprema-se-postavuvaat-na-pove-e-lokacii-niz-drzhavata/

https://www.youtube.com/watch?v=ou_PFSF3CPg



*Сл 4. Потпишување Меморандум за соработка меѓу ЦЕД ФЛорозон и ЈП Комунална хигиена Скопје*



Сл 5. Потпишување Меморандум за соработка меѓи ЦЕД ФЛорозон и Тинекс маркетите\

Од ЈП Чистота и зеленило во Куманово добивме подршка за заеднички заложби и кампања за подигнување на свеста кај граѓаните за безбедно и прописно одлагање на отпадот од заштитните маски и ракавици за еднократна употреба во општина Куманово. Во општина Куманово, фокал поинт организација е Здружение на граѓани МОТИВО, чиишто претставници неуморно ја подржуваат оваа акција.



Сл 6. Состанок со директорот на ЈП Чистота и зеленило, претставници од општина Куманово и Здружение на граѓани - МОТИВО




Со поставувањето на 75 корпи за отпадоци, проектот ќе работи на минимизирање на загадувањето на животната средина од несоодветното одлагање на задолжителните маски и ракавици за еднократна употреба. Испечатени 130 постери и 1000 флаери на македонски и албански јазик, кои даваат јасни насоки како правилно да се одлага отпадот од еднократните маски и ракавици.

Проектот е претставен на утринската програма Ја сакам Македонија на ТВ Сител. Видео записот можете да го погледнете на следниот линк: https://youtu.be/0NZpjpvJHmY



florozon
center for environmental democracy

# БИДИ ОДГОВОРЕН ЗА СЕБЕ И ЗА НАШАТА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА

Влада на Република Северна Македонија




[https://opserver.mk/makedonija/opstini/vo-kumanovo-postaveni-korpi-za-odlaganje-iskoristeni-maski-i-rakavici/](https://opserver.mk/makedonija/opstini/vo-kumanovo-postaveni-korpi-za-odlaganje-iskoristeni-maski-i-rakavici/)

На 11.09.2020 г. беше одржана промоција на корпите за еднократни маски и ракавици пред маркетите Елида во Куманово од страна на Мимоза Величковски од Здружение на граѓани МОТИВО кои се дел од коалицијата за животна средина и фокал поинт организација од општина Куманово.

На промоцијата присуствуваше г-дин Бобан Бојковски, овластен инспектор за животна средина од општина Куманово, кој даде силна поддршка на оваа акција.




## СЛЕДНИ АКТИВНОСТИ

Во следниот период, проектните активности ќе бидат насочени кон зголемување на јавната свест за опасностите по човековото здравје и загадувањето на животната средина од потенцијално заразниот отпад. Во таа насока ќе бидат подготвени три истражувачки стории и промотивно видео чијашто цел ќе биде информирање на граѓаните за правилно и совесно одлагање на потенцијално заразниот отпад, влијанието на КОВИД- 19 отпадот врз здравјето и животната средина, како и за утврдување на празнини и недостатоци во законската рамка за животна средина/отпадот во случај на пандемија. Истражувачките стории ќе бидат основа за креирање на предлог политики кои ќе бидат доставени до релевантните институции.

Понатаму ќе се овозможи консултативна поддршка за целата популација со фокус на најзагрозените групи преку воспоставена координација со државните институции, тела и органи. Канцеларијата на ЦЕД Флорозон ќе овозможи застапување на граѓаните преку пријавување на прекршоците кои се однесуваат на загадување на животната средина, конкретно со отпадот кој произлегува од еднократните маски и ракавици. Граѓаните ќе можат да праќаат фотографии до ЦЕД Флорозон, со податоци за локацијата и лицето (доколку е познато) кое извршило прекршок, кои ќе бидат проследени до надлежниот инспекторат за животна средина.


*Овој билтен е изработен во рамките на проектот „Биди одговорен за себе и за нашата животна средина и во услови на пандемија“ и се спроведува со финансиска поддршка на Владата на Република Северна Македонија преку Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за мерки за справување со COVID – 19 кризата.*